## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 28 став (2) од Законот за ловството („Службен весник на Република Македонија“ бр.26/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13, 187/13, 33/15, 147/15, 193/15 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 мај 2021 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ЛОВИШТА

1. На територија на Република Северна Македонија се определуваат шест државни ловишта, од кои четири за крупен дивеч и две за ситен дивеч, од кои едното е наменето за наставно-научни цели.

2. За крупен дивеч се определуваат следните државни ловишта:

2.1 Скопско-Кумановско ловностопанско подрачје

2.1.1 Реон Скопје (ловиште „Јасен“),

2.1.2 Реон Скопје (ловиште „Јасен I“),

2.2 Полошко ловностопанско подрачје

2.2.1 Реон Тетово (ловиште бр. 2 „Лешница“) ,

2.3 Брегалничко ловностопанско подрачје

2.3.1 Реон Кочани (ловиште бр. 1 „Полаки“).

3. За ситен дивеч се определуваат следните државни ловишта:

3.1 Скопско-Кумановско ловностопанско подрачје

3.1.1 Реон Скопје (ловиште бр. 10 „Фазанерија“),

3.1.2 Реон Скопје (ловиште бр. 11 „Трубарево“)-наменето за наставно-научни цели.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на државни ловишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/09, 85/12 и 15/16).

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-5204/1
25 мај 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.